# БОТОКСОТ

## го блокира прекумерното потење

**Третманот е безболен и се изведува за 15 минути, ефектот трае седум месеци, а во 25 отсто од случаите и до една година**



Освен што се користи за „пеглање“ на брчките, од неодамна со ботокс се лекува и прекумерното потење под пазувите, на дланките и на стапалата. Ботоксот почнува да дејствува од 3 до 4 дена по третманот, а најдобри резултати има по три недели. Ефектот трае 7 месеци, а во 25 отсто од случаите и до една година. Тогаш се губи активноста на ботоксот и постапката се повторува.



д-р Светлана Костиќ-Петрушевска

- Во разредена состојба ботоксот се вшприцува површински на местата на кои има зголемено потење. Постапката е безболна и трае 15 минути. Поради поголема чувствителност на дланките и стапалата, за да се спречи болката, третманот се изведува со локална анестезија. Нема никакви несакани последици, освен што по третманот може да се појави црвенило на кожата и чувствителност на местото што се третира. Но тоа следниот ден се смирува - вели д-р Светлана Костиќ-Петрушевска, специјалист по кожно-венерични болести, естетска медицина и козметологија, од ординацијата „Д-р СВЕТЛАНА“ во Скопје.

### ЗАБРАНЕТ ЗА ТРУДНИЦИ

Ботоксот е револуционерен лек во борбата против зголеменото потење. Тој е прочистен протеин добиен од бактеријата Clostridia Botulinum.

- Се користи веќе 20 години за терапија на многу болести од областа на неврологијата, педијатријата, офталмологијата, гинекологијата, ортопедијата. Десет години е во „служба“ на естетската медицина во борбата против стареењето и разубавувањето, а од скоро е еден од најефикасните начини за лекување на прекумерното потење - објаснува д-р Костиќ-Петрушевска.

На кожата имаме повеќе од 4 милиони потни жлезди, кои се под контрола на центарот за терморегулација сместен во хипоталамусот.

- Потните жлезди се под контрола директно на вегетативниот нервен систем (симпатикус). Под негово дејство се лачи ацетилхолин, кој е трансмитер на импулсот врз потните жлезди. Ботоксот прави блокада на оваа трансмисија на ниво на ацетилхолин и го стопира лачењето на потните жлезди - објаснува д-р Костиќ-Петрушевска.

Третманот не смее да се изведува кај трудници, во текот на доењето, при болеста мијастенија гравис и кај Итон Ламберт-синдромот и ако пациентот е под терапија со антибиотици од аминогликозната група.

- Ако пациентот е на терапија со аспирин или други антикоагулантни средства, два дена пред третманот треба да направи пауза заради намалување на точкестите крвавења при повеќекратните инјектирања на ботоксот - вели д-р Костиќ-Петрушевска.

### НАРУШУВАЊЕТО МОЖЕ ДА Е НАСЛЕДНО

Зголемено потење може да се појави на целото тело или под пазувите, на дланките, табаните, челото и на образите. И мажите и жените имаат ваков проблем, но почесто се манифестира кај жените.

- Причина може да се ендокрини заболувања, дијабетес, нарушување на метаболизмот, невролошки и малигни заболувања, хронични инфекции, одредени лекови, консумирање зачинета храна. Нарушувањето може да биде и примарно кога не постојат други заболувања. Прекумерното потење може да се појави на која било возраст, а често се јавува во детството и адолесценцијата, што укажува на генетски наследен фактор - објаснува д-р Костиќ-Петрушевска.

Освен што предизвикува естетски проблеми, прекумерното потење влијае и на социјалниот живот на луѓето.

- Човекот постојано е со водена облека и е приморан почесто да се преоблекува, а за тоа секогаш нема услови. Трпи и неговиот социјален живот. Поради страв од потење овие луѓе се дистанцираат од другите и избегнуваат средби и запознавања за да не се ракуваат - вели д-р Костиќ-Петрушевска.

**Елена Тодоровска**

## ЗА МНОГУ БОЛЕСТИ

Ботоксот се употребува од 60-тите години кога го користеле при терапија на невролошки нарушувања, а во 1989 почнал да се користи за лекување на страбизам, неконтролирано трепкање, тикови, спазма на очните капаци, мрзливост на окото.

По 10-годишно експериментирање, во 1978 година била дозволена употребата на ботоксот кај здрави доброволци. Ботоксот се користи и за лекување на треморот кај болни од Паркинсонова болест, а се покажал ефикасен во 67 отсто од случаите. Во 1980 година првпат биле забележани ефектите од ботоксот во козметичките третмани. Кај пациент на кој Ботоксот му бил вшприцан за лекување на спазма на окото, лекарите забележале дека брчките значително му се намалиле. Во 2000 година е дозволена употребата на ботоксот за лекување на цервикална дистонија (неволни движења на главата и вратот).



## ЗОШТО ПОТТА МИРИСА?

Организмот има екрини и апокрини жлезди. Првите лачат ретка пот со минерали и ги има по целото тело. Апокрините лачат погуста пот, а најмногу ги има под пазувите и околу гениталиите и затоа таму потта има појака миризба. Оваа пот повеќе им „годи“ на бактериите така што миризбата дополнително се зголемува - објаснува д-р Костиќ-Петрушевска.